Датум

08.04.2015г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Лидија Богатинова за видеото со наслов – (Видео) "Куртон уредничката на Анал5, Богатинова до Васко Ефтов: Зошто ја објави Заев бомбата, за да го смениме името или за да го спречат гасоводот?!?!", објавено на 17.03.2015 година на веб – порталите Мактел и Народен Глас.**

**Ж А Л Б А Т А Е О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 10, 15и 16.

Член 10.

*"Новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)"*

Член 15.

*"Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста"*

Член 16.

*"Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различноста на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги"*

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Извршната канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 17.03.2015 година, главниот и одговорен уредник на Канал 5 Лидија Богатинова поднесе жалба за видеото со наслов – (Видео) "Куртон уредничката на Анал5, Богатинова до Васко Ефтов: Зошто ја објави Заев бомбата, за да го смениме името или за да го спречат гасоводот?!?!", објавено на 17.03.2015 година на веб – порталите Мактел и Народен Глас. Богатинова во жалбата наведува дека на најгруб начин е навредена со пристапот преку кој порталите го пренеле разговорот со Васко Ефтов на телевизијата Канал 5 и кон жалбата приложи активен линк од оспореното видео.

Извршната канцеларијата на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет - порталите Мактел и Народен Глас со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Одговори испратија и двата споменати Интернет - портали.

Главниот и одговорен уредник на порталот Народен Глас, Рубин Иваноски во својот одговор наведува дека како медиум се свесни дека Кодексот на новинарите од нив бара да водат сметка за јазикот кој го користат во комуникацијата со јавноста, посебно со колеги, поради потребата за јакнење на солидарноста и зачувување на кредибилитетот на новинарската професија. Иваноски продолжува дека користењето на остар јазик кон Богатинова не било со зла намера таа да биде навредена или да биде нарушена нејзината чест и достоинство и дека „остриот коментар е мотивиран единствено од непрофесионалното однесување на Богатинова, која на разговорот со новинарот Ефтов брутално ги прекрши професионалните стандарди на новинарството". Богатинова, вели Иваноски, во разговорот со Ефтов ја заборави улогата на новинар, кој секогаш треба да служи на јавниот интерес. „Таа место да поставува прашања на кои јавноста има интерес да добие одговори, застана на страната на пропагандата на власта и ги прејудицираше одговорите на соговорникот. Таа поставуваше сугестивни

прашања, со кои се потврдуваат тезите на власта дека аферата е сценарио и дека основната идеја е да се врши притисок врз Македонија за промена на името и да се забави економскиот развој на земјата". Според одговорот од Народен Глас, „Богатинова го злоупотреби медиумот и ја дезинформираше јавноста и го загрози јавниот интерес на граѓаните да добијат точни, проверени и навремени информации". Од овој медиум сметаат дека „свесната манипулација со јавноста на Богатинова е за секаква осуда", продолжувајќи дека јазикот што го користеле во овој медиум е „соодветен на штетата што ја нанесе на јавниот интерес". Ивановски вели дека јазикот можеби ја шокирал јавноста, но тврди дека е дозволен за да се разобличи ширењето лаги и невистини во јавноста.

Главниот и одговорен уредник на Мактел, Саше Ивановски во својот одговор вели дека содржината е тотално вистинита и реална и порачува "и не се правете и вие мутави за да не ви е**м м***р у п***а и на вас".

Комисијата за жалби е згрозена од речникот на Саше Ивановски од Мактел и го смета како директна закана и притисок врз Комисијата за жалби и Советот за етика во медиумите на Македонија.

На седницата на 07.04.2015 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Лидија Богатинова, направи увид во наведеното видео и ги разгледа и одговорите од Мактел и Народен Глас.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

Притоа, Комисијата за жалби констатираше дека во содржината станува збор за нарушување на трите члена од Кодексот на новинарите на Македонија, односно членовите 10, 15 и 16.

Комисијата за жалби најде дека во видеото со наслов – (Видео) "Куртон уредничката на Анал 5, Богатинова до Васко Ефтов: Зошто ја објави Заев бомбата, за да го смениме името или за да

го спречат гасоводот?!?!", новинарот и медиумот го прекршиле член 10 од Кодексот на новинари, според кој новинарот нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која било основа. Во споменатите случаеви, медиумите и новинарите објавија материјал кој има за цел да шири непријателство или омраза. Етичкиот и професионалниот Кодекс на новинарите им налага посебна одговорност за јавно искажаниот збор. Нивните ставови се важни фактори во обликувањето на јавното мислење поради што говорот на омраза е неспоив со новинарската етика.

Комисијата за жалби најде дека во конкретниот случај, спротивно на член 15 од Кодексот, новинарите не ја негувале културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста. Новинарот мора да ги има на ум моралните стандарди на публиката на која и се обраќа. Новинарот не треба да користи непримерни и вознемирувачки содржини во својата работа. Овој принцип, секако, не би требало да го детерминира или ограничи на каков било начин правото на авторот да го извере својот стил на изразување, се' додека тој не е навредлив и непримерен за публиката.

Исто така, Комисијата дојде до заклучок дека во споменатиот прилог, спротивно на член 16, новинарите не ги чувале угледот и достоинството на својата професија, не ги поттикнувале заемната солидарност и различноста на ставовите и ги употребиле своите медиуми за пресметка со колега. Имено, во својата работа новинарите треба да настојуваат да одржат баланс помеѓу чесна конкурентност и професионална солидарност. Ниту новинари, ниту уредници не би смееле да си дозволат да се пресметуваат со свои колеги преку сопствените медиуми. Таквото однесување на само што го намалува нивниот интегритет и достоинство, туку ја урива репутацијата на новинарската професија воопшто и ја намалува довербата на јавноста во медиумите.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

# совет за етика во медиумите на македонија

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Филип Ѓурчиновски и Теофил Блажевски.

**Се обврзуваат Интернет - порталите Мактел и Народен Глас, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објават одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595